Број 9 Година XII

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ, август 2018

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925*
*www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk*

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот за работите во однос на јавната безедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност Карпош во првото шестмесечие во 2018 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работите во однос на јавната безедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност Карпош во првото шестмесечие во 2018 година, донесен на тринаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 24 август 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-6984/1
Датум: 27.08.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 13 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 5/2002), Советот на Општина Карпош на тринаесеттата седница, одржана на 24 август 2018 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за усвојување на Извештајот за работите во однос на јавната безедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност Карпош во првото шестмесечие во 2018 година**

1. Се усвојува Извештајот за работите во однос на јавната безедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност Карпош во првото шестмесечие за 2018 година.

2. Со оглед на природата на предметниот Извештај, кој е документ со класифицирана содржина, поточно не е јавен документ и истот е достапен исклучиво за Советот на Општина Карпош, нема да биде објавен во „Службен гласник на Општина Карпош“.

3. Примерок од заклучокот да се достави до Министерот за внатрешни работи, до народниот правобранител и до Полициската станица од општа надлежност Карпош.

4. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-6767/2**
**Датум: 24.08.2018 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2018 година**

1.Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2018 година, донесена на тринаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 24 август 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-6984/2
Датум: 27.08.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 3; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на тринаесеттата седница, одржана на 24 август 2018 година, донесе

## ПРОГРАМА
## за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2018 година

I. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.18/2017, 4/2018), се врши изменување и дополнување на начин што по точка 8, се додава нова точка 9 која гласи:

9. Мој Карпош – моја картичка

**Точка 9 гласи:**

| 9 | Мој Карпош – моја картичка |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Картичката за попусти е наменета за сите жители на општината и обезбедува погодности и привилегии во повеќе области од оштественото живеење. Секој корисник на картичката има право подеднакво да ги користи погодностите и привилегиите кои произлегуваат од неа.<br>Главниот партнер на картичката за попусти се претпријатијата кои ги нудат погодностите за корисниците на картичката. Попустите и привилегиите се дефинирани во договорот помеѓу бизнисот и општината, со што јасно е прецизирано за која категорија/и на производи/услуги важат попустите. |
| **Стратешки насоки и цели:** | **Главни карактеристики на картичката за попусти во** |

| | |
|---|---|
| | **поглед на корисниците** |
| | Обезбедува % попустна производите/услугите во приватните претпријатија и кои имаат засновано партнерски однос<br>Заштеда на буџетот<br>Обезбедува чувство на припадност<br>**Главни карактеристики на картичката во поглед на партнерите (претпријатијата)**<br>Зголемена посетеност на објектите на потенцијални потрошувачи,<br>Зголемување на продажбата како резултат на дадените попусти,<br>Подобрување на имиџот на компанијата,<br>Бесплатно маркетинг средство |
| Очекуванирезултати: | Зголемена доверба на граѓаните кон општината<br>Зголемен број на задоволни граѓани<br>Остварени цврсти контакти со претпријатијата<br>Грижа кон институциите и граѓаните од Карпош |
| Целнагрупа: | Сите жители на Општина Карпош со наполнети 13 години. |
| Предвиденафинансиска рамка: | **350.000,00 денари** |
| Трошоци: | Средствата се наменети исклучиво за набавка на картички, со посебен ID број, кои ќе се дистрибуираат до сите граѓани кои ќе поднесат барање за издавање на картичка |

II. Во делот вкупна предвидена финансиска рамка Табеларен приказ на буџетот по проекти се менува со додавање на точката 9 и гласи:

Табеларен приказ на буџетот по проекти:

| Проект | Предвидена финансиска рамка |
|---|---|
| 1. Искористување на ИПА фондовите од Европската унија меѓугранична соработка со косовска општина | 100.000,00 |
| 2. Мотивирање на младите и младите претприемачи | 90.000,00 |
| 3. Организирање на манифестацијата – „Ем умеам, ем можам“ | 1.000.000,00 |
| 4. Ревидирање на Профилот на Општина Карпош и Ревидирање на брошура со ЦД за туристичките локалитети и атракции во Општина Карпош и нејзино реиздавање | 100.000,00 |
| 5.Крводарителска акција | / |
| 6. Традиционална скопска и Интернационална Тортијада | 50.000,00 |
| 7. Ажурирање на база на податоци на правни субјекти кои работат во Општина Карпош | 100.000,00 |
| 8. Ден на занаети | 50.000,00 |
| 9. Мој Карпош - моја картичка | 350.000,00 |
| ВКУПНО | **1.840.000,00** |

III. Во табелата ВКУПНО и делот вкупната предвидена финансиска рамка и во делот Финансирање, износот од **1.490.000,00 денари** денари се брише и на негово место се запишува износот од **1.840.000.00 денари**.

По изменувањето и дополнувањето вкупниот буџет за реализација на програмата на секторот за развој е 1.840.000,00 денари.

IV. Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-6767/3
Датум: 24.08.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2018 година**

1.Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2018 година, донесена на тринаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 24 август 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6984/3**
**Датум: 27.08.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 2, точка 8; член 36, став 1, точка и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на тринаесеттата седница, одржана на 24 август 2018 година, донесе

ПРОГРАМА
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2018 година**

I. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2018 година се врши дополнување и изменување на начин што после точка 11 се додава нова точка 12 која гласи:

| 12. | **Месечен паричен надоместок за ангажирање на образовни и лични асистенти од Проектот „Карпош за еднаквите во училиштата -2018/2019 година“**<br>ОПШТИНА КАРПОШ |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Во рамките на програмата Општинско-корисна работа за 2018 година, а во соработка со УНДП и АВРМ, Општина Карпош преку проектот „Карпош за еднаквите во училиштата -2018/2019 година“, ангажира образовни и лични асистенти на ученици со попреченост во развојот.<br>Вклучени се десетте Општински основни училишта во кои ќе бидат ангажирани вкупно 34 стручни лица. Со цел да се реализира оваа активност и да бидат згрижени сите деца со попреченост во развојот, Општина Карпош ќе ги покрива трошоците на 13 асистенти во времетрање од девет месеци, и на четири асистенти во времетраење од три месеци.<br>Останатите парични средства ги покрива УНДП. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Проектот ќе овозможи поддршка и инклузија на учениците со попреченост во редовното следење на наставата во Општинските основни училишта на територијата на Општина |

| | |
|---|---|
| | Карпош.<br>Преку активната стручна работа, ќе се овозможи совладување на наставната програма, придружба во и вон училишните активности.<br>Образовните/лични асистенти освен тоа што ќе добијат практична наобразба ќе се стекнат и со искуства за нивна поголема конкурентност на пазарот на трудот, преку овој проект ќе добијат и месечен паричен надомест.<br>Исто така овој проект ќе овозможи финансиско олеснување на семејниот буџет на родителите. |
| Очекувани резултати: | - Вклучување во образовниот систем на ученици со попреченост од Основните општински училишта на територијата на општина Карпош<br>- практична наобразба на асистентите и стекнување со искуства за нивна поголема конкурентност на пазарот на трудот.<br>- финансиско олеснување на семејниот буџет на родителите. |
| Целна група: | Образовни и лични асистенти на ученици со попреченост од Основните општински училишта на територијата на општина Карпош. |
| Предвидена финансиска рамка: | **520.000,00 денари** |
| **Трошоци** | Парични средства за месечен надомест на 13 лица за период од четири месеци: септември-декември 2018 година.<br>**Вкупно: 520.000,00 денари, со вклучен персонален данок.** |

II. Во делот вкупната предвидена финансиска рамка и во делот III –Финансирање , износот од 34.147.000,00 денари се брише и на негово место се запишува износот **34.667.000,00 денари.**

III. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Карпош“.

Број: 09-6767/4
Датум: 24.08.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош на Одделението за односи со јавност за 2018 година**

1.Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош на Одделението за односи со јавност за 2018 година, донесена на тринаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 24 август 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-6984/4
Датум: 27.08.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

| |
|---|
| Врз основа на член 8; член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 55 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), членовите од дел VIII.Јавност во работата на Советот од Деловникот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.03/2006), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош на Одделението за односи со јавност за 2018 година бр.09-5060/5 од 13.06.2018 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.6/2018 од 14.06.2018 година), Советот на Општина Карпош, на тринаесеттата седница, одржана на 24 август 2018 година, донесе |

## ПРОГРАМА
### за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош на Одделението за односи со јавност за 2018 година

I. Во Програмата за активностите на Општина Карпош на Одделението за односи со јавност за 2018 година се врши дополнување и изменување на начин што во точка 1 Развојни приоритети и цели, после точка 1 се додава нова точка 1а која гласи:

| |
|---|
| 1.[а] Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку, со закон пропишани обврски (огласување и сл.) во втор дневен весник на македонски јазик. |

II. Во точка II Проектни активности, поднаслов ТРАНСПАРЕНТНО И СЕКОЈДНЕВНО ИНФОРМИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОПШТИНАТА, по точка 1 се додава нова точка 1а во табела, која гласи

| Трошоци: | - За огласување по сите основи |
|---|---|
| 1.[а] | **Обезбедување транспарентност на работата на општинските сектори преку, со закон пропишани обврски (огласување и сл.) во втор весник на македонски јазик** |
| | |

| | |
|---|---|
| | Општината врши континуиран или периодичен закуп на простор во традиционалните (печат, телевизија, радио) и современи медиуми (портали или социјални мрежи)согласно одредбите на различни предметни закони за огласување: (пр. Закон за урбанизам и урбанистичко планирање, Закон за легализација на бесправно изградени објекти, Закон за јавни набавки и сл) . |
| | ✓ Освен транспарентноста како етичка и законска обврска во комуникацијата на локалната власт со засегнатите публики, по силата на неколку различни предметни закони, од различни сфери на работење на секторите, Општината е должна да ги информира граѓаните за одредени свои производи (одлуки, решенија, конкурси) и услуги кои таа ги нуди.<br>✓ Некои закони предвидуваа огласување во повеќе медиуми (на македонски јазик) некои и на јазик, различен од македонскиот.<br>✓ Според некои предметни закони огласувањето мора да оди **во два дневни весници на македонски јазик, што упатува на дополнително обезбедување простор и средства во уште еден, нов, дневен весник за огласување на соопштенија и информации за потребите на Општина Карпош.**<br>✓ На овој начин се постигнува поголема видливост и отчетност на локалната самоуправа за работи кои се од директен или индиректен интерес за граѓаните на Карпош, како и за начинот на трошење на буџетските средства, алиментирани од граѓаните на Карпош. |
| **Предвидена финансиска рамка:**<br>**Реализатор:** | **1.000.000,00 денари**<br><br>Општина Карпош |
| **Трошоци:** | - За огласување по сите основи |

III. Во делот вкупната предвидена финансиска рамка и во делот III –Финансирање , износот од **11.415.000,00 денари** денари се брише и на негово место се запишува износот од **12.415.000.00 денари.**

IV. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Карпош“.

Број: 09-6767/5
Датум: 24.08.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлука за објавување на оглас за доделување Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за учебната 2018/2019 година**

1.Се објавува Одлуката за објавување на оглас за доделување Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за учебната 2018/2019 година, донесена на тринаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 24 август 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-6984/5
Датум: 27.08.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 6; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со дел II.Проектни активности, Точка 3. Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош“бр. 18/2017 и 6/2018), Советот на Општина Карпош, на тринаесеттата седница, одржана на 24 август 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за објавување на оглас за доделување Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за учебната 2018/2019 година**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за започнување постапка за објавување на оглас за доделување на Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за учебната 2018/2019 година.

**Член 2**

Финансиската поддршка од член 1 на оваа одлука, ќе се додели врз основа на постапка по објавен оглас за доделување на Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2018/2019 година, објавен во два дневни весника, од кои во еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

**Член 3**

Постапката за доделување на Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина

Карпош за 2018/2019 година да ја спроведе Комисија формирана од страна на Градоначалникот на Општина Карпош.
Комисијата да биде составена од пет члена, од Комисијата за спорт при Советот на Општина Карпош.

**Член 4**

За членови од Советот на Општина Карпош во Комисијата се именуваат:

- Андреј Манолев , член на Советот на Општина Карпош,
- Зејнел Куч, член на Советот на Општина Карпош,
- Владимир Станивуковиќ, член на Советот на Општина Карпош,
- Предраг Станковски, член на Советот на Општина Карпош и
- Томи Кепевски, член на Советот на Општина Карпош

**Член 5**

На јавниот оглас можат да учествуваат талентирани спортисти кои се жители на Општина Карпош, редовни ученици во VIII и IX одделение во учебната 2018/2019 година во општинските основни училишта од подрачјето на Општина Карпош.

Заинтересираните кандидати, кон апликацијата потребно е да ги достават следните документи:

- Дека живее во Општина Карпош,
- Потврда од училиштето дека спортистот е редовен ученик во VIII или IX одделение во учебната 2018/2019 година во општинское основно училиште од подрачјето на Општина Карпош,
- Биографија на спортистот,
- Важечки документ (потврда) издадена од националната федерација за спортските успеси и резултати во периодот од 01.09.2017 година до 31.08.2018 година.

**Член 6**

Спортистот е потребно да има постигнување на егзактни (индивидуални) спортски резултати добиени од националните спортски федерации за периодот од 01.09.2017 година до 31.08.2018 година и да се во согласност со календарот на натпревари на матичните национални федерации.
Бодувањето на апликациите ќе се врши согласно следните критериуми за доделување на стипендии на талентирани спортисти:

- Државно првенство, освоено индивидуално I место (1 бод),

- Државно првенство, освоено индивидуално II место (0,5 бода),
- Награда за индивидуалани постигнувања на државно првенство (3 бода),
- балканско првенство од I до II место (4 и 3 бода) и
- репрезентативец на Македонија (3 бода).

Останатите успеси и резултати кои не се во согласност со календарот на натпревари од националните и меѓународни спортски федерации, нема да се земат предвид.

**Член 7**

Висината на стипендијата ќе изнесува 3.000,00 и 2.000,00 денари месечно за осум месеци во текот на учебната година.

Во зависност од приложените спортски успеси на талентираните ученици рангирањето и финансиската поддршка ќе се додели како:

1. За освоени до два бода, висината на стипендијата изнесува 2.000,00 денари,
2. За освоени три и повеќе бода, висината на стипендијата изнесува 3.000,00 денари.

**Член 8**

Се задолжува Комисијата од член 3 на оваа одлука да ја спроведе постапката по објавениот оглас за доделување на Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2018/2019 година и врз основа на Записникот од спроведената постапка да достави до Советот на Општина Карпош и до Градоначалникот на Општина Карпош предлог за доделување на финансиска поддршка за спортски стипендии на талентирани спортисти од Општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош.

**Член 9**

По завршената постапка Градоначалникот на Општина Карпош ќе донесе поединечни решенија за исплата.

Член 10

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-6767/6
Датум: 24.08.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлука за објавување на оглас за доделување Стипендии за талентирани ученици, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за учебната 2018/2019 година**

1.Се објавува Одлуката за објавување на оглас за доделување Стипендии за талентирани ученици, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за учебната 2018/2019 година, донесена на тринаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 24 август 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-6984/6
Датум: 27.08.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со дел II.Проектни активности, Точка 3. Стипендии за талентирани ученици, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош“бр. 18/2017 и 6/2018), Советот на Општина Карпош, на тринаесеттата седница, одржана на 24 август 2018 година, донесе

## О Д Л У К А

**за објавување на оглас за доделување Стипендии за талентирани ученици, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за учебната 2018/2019 година**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за започнување постапка за објавување на оглас за доделување на Стипендии за талентирани ученици, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош.

**Член 2**

Финансиската поддршка од член 1 на оваа одлука, ќе се додели врз основа на постапка по објавен оглас за доделување на Стипендии за талентирани ученици, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2018/2019 година, објавен во два дневни весника, од кои во еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

**Член 3**

Постапката за доделување на Стипендии за талентирани ученици, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2018/2019 година да ја спроведе Комисија формирана од страна на Градоначалникот на Општина Карпош.

Комисијата да биде составена од пет члена, од Комисијата за образование при Советот на Општина Карпош.

**Член 4**

За членови од Советот на Општина Карпош во Комисијата се именуваат:

- Билјана Костова, член на Советот на Општина Карпош,
- Наташа Пеливанова, член на Советот на Општина Карпош,
- Зејнел Куч, член на Советот на Општина Карпош,
- Даниела Штерјова, член на Советот на Општина Карпош и
- Бранко Ристов, член на Советот на Општина Карпош

**Член 5**

На јавниот оглас можат да учествуваат талентирани ученици кои се жители на Општина Карпош, редовни ученици во VIII и IX одделение во учебната 2018/2019 година во општинските основни училишта од подрачјето на Општина Карпош.

Заинтересираните кандидати, кон апликацијата потребно е да ги достават следните документи:

- Да се жители на општина Карпош,
- Кандидатите да се редовни ученици во VIII или IX одделение во општинските основни училишта од подрачјето на општина Карпош и
- Да оствариле континуиран успех во текот на школувањето од VI одделение од најмалку 4.00.

**Член 6**

Ученикот е потребно да има освоени награди од областа на науката,техниката,културата и уметноста од VI до IX одделение:

- I Место регионални,градски,општински натпревар (0,5 бода),
- I,II место државен натпревар (2,1 бод),
- I,II или III место меѓународен натпревар (3,2 и 1 бод)
- Награди приложени од нелиценцирани организатори на натпревари нема да бидат земени во предвид.
- Освоените групни натпревари нема да бидат бодувани.

**Член 7**

Висината на стипендијата ќе изнесува 2.500,00 и 2.000,00 денари месечно за осум месеци во текот на учебната година.

За освоениод 2 до 5 бода, висината на стипендијата изнесува 2.000,00 денари,

За освоени над 5,5 бода висината на стипендијата изнесува 2,500,00 денари.

**Член 8**

Се задолжува Комисијата од член 3 на оваа одлука да ја спроведе постапката по објавениот оглас за доделување на Стипендии за талентирани ученици, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за 2018/2019 година и врз основа на Записникот од спроведената постапка да достави до Советот на Општина Карпош и до Градоначалникот на Општина Карпош предлог за доделување на финансиска поддршка за стипендии на талентирани ученици од Општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош.

**Член 9**

По завршената постапка Градоначалникот на Општина Карпош ќе донесе поединечни решенија за исплата.

**Член 10**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош.

Број: 09-6767/7
Датум: 24.08.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлуката за поништување на Одлуката за давање согласност за започнување постапка за оттуѓување на патничко моторно возило марка SSANG YONG бр.09-930/8 од 7.2.2018 година објавена во Службен гласник на Општина Карпош бр.2/2018**

1. Се објавува Одлуката за поништување на Одлуката за давање согласност за започнување постапка за оттуѓување на патничко моторно возило марка SSANG YONG бр.09-930/8 од 7.2.2018 година објавена во Службен гласник на Општина Карпош бр.2/2018, донесена на тринаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 24 август 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-6984/7
Датум: 27.08.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и врз основа на Одлуката за давање согласност за започнување постапка за оттуѓување на патничко моторно возило марка SSANG YONG бр.09-930/8 од 07.02.2018 година, („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.2/2018), Советот на Општина Карпош, на тринаесеттата седница, одржана на 24 август 2018 година, донесе

## ОДЛУКА
**за поништување на Одлуката за давање согласност за започнување постапка за оттуѓување на патничко моторно возило марка SSANG YONG бр.09-930/8 од 7.2.2018 година објавена во Службен гласник на Општина Карпош бр.2/2018**

**Член 1**

Со оваа одлука се поништува Одлуката за давање согласност за започнување постапка за оттуѓување на патничко моторно возило марка SSANG YONG бр.09-930/8 од 7.2.2018, донесена на седмата седница на Советот на Општина Карпош и објавена во „Службен гласник на Општина Карпош“ бр.2/2018.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-6767/8<br>
Датум: 24.08.2018 година<br>
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,<br>
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување на Одлука за давање на согласност за времено користење на движна ствар- патничко моторно возило марка SSANG YONG**

1. Се објавува Одлуката за давање на согласност за времено користење на движна ствар-патничко моторно возило марка SSANG YONG, донесена на тринаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 24 август 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-6984/8
Датум: 27.08.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 10, а во врска со член 44, став 1 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ број 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Советот на Општина Карпош, на тринаесеттата седницата, одржана на 24 август 2018 година, донесе

## ОДЛУКА
**за давање на согласност за времено користење на движна ствар- патничко моторно возило марка SSANG YONG**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на општина Карпош дава согласност за времено користење на патничко моторно возило марка  SSANG YOUNG, со следните технички карактеристики:

- Вид:Патничко
- Марка: SSANG YONG
- Тип:RODIUS
- Година на производство: 2006
- Број на мотор: 12521578
- Број на шасија: KPTN0B1FS6P026731
- Регистарска ознака: SK 3099 AD
- Боја: MET.CRNA/ 20

**Член 2**

Патничкото моторно возило од член 1 на оваа Одлука се дава на времено користење на Министерство за внатрешни работи-ПС Карпош за период од 3 (три) години .

**Член 3**

Горивото за користење на возилото за период наведен во член 2, одржувањето, редовното сервисирање на патничкото моторно возило од член 1 на оваа Одлука, паѓа на товар на Министерство за внатрешни работи-ПС Карпош.

Член 4

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа Одлука.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето на Службен гласник на Општина Карпош.

Број: 09-6767/9
Датум: 24.08.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Решение за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во јавната установа општинска детска градинка „Пролет“ Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решението за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во јавната установа општинска детска градинка „Пролет“ Карпош-Скопје, донесено на тринаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 24 август 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6984/9**
**Датум: 27.08.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), член 148 од Деловникот на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 03/2006) и член 116, став 1, алинеја 8 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/2013, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15 25/15, 150/15, 192/15, 27/16 и 163/17), Советот на Општина Карпош, на тринаесеттата седница, одржана на 24 август 2018 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во јавната установа општинска детска градинка „Пролет“ Карпош-Скопје

1. Се дава согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во јавната установа општинска детска градника „Пролет“, Карпош-Скопје бр.0202/536 од 13.07.2018 година, донесен со Одлука за дополнување и измена на Систематизација на работните места во ЈУОДГ „ПРОЛЕТ“ од управниот одбор бр.0202/535 од 13.07.2018 година.

2. Решението да се достави до јавната установа општинска детска градника „Пролет“ Карпош-Скопје.

3. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 09-6767/10**
**Датум: 24.08.2018 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување на Заклучок за усвојување на Годишната Програма за работата на Јавна установа општинска детска градинка „Мајски цвет“, Општина Карпош - Скопје за 2018/2019 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишната Програма за работата на Јавна установа општинска детска градинка „Мајски цвет“, Општина Карпош - Скопје за 2018/2019 година, донесен на тринаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 24 август 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6984/10**
**Датум: 27.08.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 6 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 05/2002), Советот на Општина Карпош на тринаесеттата седница, одржана на 24 август 2018 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за усвојување на Годишната Програма за работата на Јавна установа општинска детска градинка „Мајски цвет“, Општина Карпош - Скопје за 2018/2019 година**

1. Се усвојува Годишната Програма за работата на Јавна установа општинска детска градинка „Мајски цвет“, Општина Карпош - Скопје за 2018/2019 година.

2. Заклучокот да се достави до ЈУОДГ „Мајски цвет“, Општина Карпош – Скопје, во 2 (два) примерока.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-6767/11**
**Датум: 24.08.2018 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Заклучок за усвојување на Годишната Програма за работата на Јавна установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош - Скопје за 2018/2019 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишната Програма за работата на Јавна установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош - Скопје за 2018/2019 година, донесен на тринаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 24 август 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-6984/11
Датум: 27.08.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 6 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 05/2002), Советот на Општина Карпош на тринаесеттата седница, одржана на 24 август 2018 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за усвојување на Годишната Програма за работата на Јавна установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош - Скопје за 2018/2019 година**

1. Се усвојува Годишната Програма за работата на Јавна установа општинска детска градинка „Орце Николов“, Општина Карпош - Скопје за 2018/2019 година.

2. Заклучокот да се достави до ЈУОДГ „Орце Николов“, Општина Карпош – Скопје, во 2 (два) примерока.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-6767/12
Датум: 24.08.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Заклучок за усвојување на Годишната Програма за работата на Јавна установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош - Скопје за 2018/2019 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишната Програма за работата на Јавна установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош - Скопје за 2018/2019 година, донесен на тринаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 24 август 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-6984/12
Датум: 27.08.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 6 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 05/2002), Советот на Општина Карпош на тринаесеттата седница, одржана на 24 август 2018 година, донесе

## ЗАКЛУЧОК
**за усвојување на Годишната Програма за работата на Јавна установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош - Скопје за 2018/2019 година**

1. Се усвојува Годишната Програма за работата на Јавна установа општинска детска градинка „Пролет“, Општина Карпош - Скопје за 2018/2019 година.

2. Заклучокот да се достави до ЈУОДГ „Пролет“, Општина Карпош – Скопје, во 2 (два) примерока.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-6767/13
Датум: 24.08.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување на Заклучок за усвојување на Годишната Програма за работата на Јавна установа општинска детска градинка „Распеана младост“, Општина Карпош - Скопје за 2018/2019 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишната Програма за работата на Јавна установа општинска детска градинка „Распеана младост“, Општина Карпош - Скопје за 2018/2019 година, донесен на тринаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 24 август 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-6984/13
Датум: 27.08.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 6 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ 05/2002), Советот на Општина Карпош на тринаесеттата седница, одржана на 24 август 2018 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за усвојување на Годишната Програма за работата на Јавна установа општинска детска градинка „Распеана младост“, Општина Карпош - Скопје за 2018/2019 година**

1. Се усвојува Годишната Програма за работата на Јавна установа општинска детска градинка „Распеана младост“, Општина Карпош - Скопје за 2018/2019 година.

2. Заклучокот да се достави до ЈУОДГ „Распеана младост“, Општина Карпош – Скопје, во 2 (два) примерока.

3. Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-6767/14**
**Датум: 24.08.2018 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлука за давање на согласност за издавање под закуп на деловен простор**

1. Се објавува Одлуката за давање на согласност за издавање под закуп на деловен простор, донесена на тринаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 24 август 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-6984/14
Датум: 27.08.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 и член 67 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), а во врска со член 67 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ број 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Советот на Општина Карпош, на тринаесеттата седница, одржана на 24 август 2018 година, донесе

ОДЛУКА
**за давање на согласност за издавање под закуп на деловен простор**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за издавање под закуп на деловен простор, сопственост на Општина Карпош, со вкупна површина од 74 м2, што се простира на КП бр.3957 за КО Карпош видно од Имотен лист бр.603, кој се наоѓа на улица Ванчо Мицков бб, носител на правото на сопственост Општина Карпош.

**Член 2**

Деловниот простор од член 1, да се издаде под закуп за вршење на здравствена дејност по пат на електронско јавно наддавање и претходно даден оглас во два дневни весника кои се издаваат на македонски јазик, а кои излегуваат најмалку три месеци пред денот на објавување на огласот и еден дневен весник кој се издава на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик во општината, а излегува најмалку три месеци пред денот на објавување на огласот.

**Член 3**

Постапката за електронско јавно наддавање за издвање под закуп на деловниот простор од член 1 на оваа одлука да ја спроведе Комисија за спроведување на постапка за издавање под закуп на деловен простор во сопственост на Општина Карпош, согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, формирана од страна на Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-6767/15 ПРЕТСЕДАТЕЛ
Датум: 24.08.2018 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,

Скопје

Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување на Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на членови на Локален комитет за проектот „Развивање на ЛЕАП за Општина Карпош“**

1. Се објавува Решението за изменување и дополнување на Решението за именување на членови на Локален комитет за проектот „Развивање на ЛЕАП за Општина Карпош“, донесено на тринаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 24 август 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-6984/15
Датум: 27.08.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и член 39, став 3 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), во врска со член 60, став од Законот за заштита на животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16 ) и врз основа на Решението за именување на членови на Локален комитет за проектот „Развивање на ЛЕАП за Општина Карпош“ бр.09-2085/5 од 23.03.2017 („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.5/2017), Советот на Општина Карпош, на тринесеттата седница, одржана на 24 август 2018 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## **за изменување и дополнување на Решението за именување на членови на Локален комитет за проектот „Развивање на ЛЕАП за Општина Карпош“**

### **Член 1**

Со ова Решение се менува членот 1 од Решението за именување на членови на локален комитет за проектот „Развивање на ЛЕАП за Општина Карпош“, бр.09-2085/5 од 23.03.2017 година, поточно поради престанок на мандат, престанок на работен однос или менување на функција се разрешуваат членови на Лолакниот комитете, а на нивно место се именуваат нови членови на Локалниот комитет и тоа:

- Се разрешува Стевчо Јакимовски – Градоначалник на Општина Карпош, а на негово место се именува Стефан Богоев – Градоначалник на Општина Карпош
- Се разрешува Сашо Лазаровски – Претседател на Советот на Општина Карпош, а на негово место се именува Андреј Манолев - Претседател на Советот на Општина Карпош
- Се разрешува Бојан Милошевски – Секретар на Општина Карпош, а на негово место се именува Стојан Алексов – Секретар на Општина Карпош
- Се разрешува Благица Блажевска – Раководител на Сектор за урбанизам, а на нејзино место се именува Зорица Китанова – Помошник раководител на Сектор за урбанизам на Општина Карпош
- Се разрешува Живко Грујовски – Раководител на Одделението за комунална инфраструктура, Општина Карпош, а на негово место се именува Наташа Иванова – Советник во Одделение за комунална инфраструктура, Општина Карпош

- Се разрешува Анета Марковска Илиевска – Раководител на Сектор за дејности од јавен интерес, а на нејзино место се именува Гордана Стојчевска Зафировска - Помошник раководител на Сектор за дејности од јавен интерес, Општина Карпош
- Се разрешува Зоран Поповски – Член на Совет, Општина Карпош, а на негово место се именува Мики Филев – Член на Совет и Комисија за ЕЕЕ, Општина Карпош
- Се разрешува Иван Спировски – Член на Совет и и претседател на Комисија за ЕЕЕ, Општина Карпош, а на негово место се именува Александар Анѓушев – Член на Совет и претседател на Комисија за ЕЕЕ, Општина Карпош
- Се разрешува Тања Ристевска – Член на Совет и Комисија за ЕЕЕ, Општина Карпош, а на нејзино место се именува Елена Антониевиќ – Член на Совет и Комисија за ЕЕЕ, Општина Карпош
- Се разрешува Марин Алексов - Член на Совет и Комисија за ЕЕЕ, Општина Карпош, а на негово место се именува Светлана Пандиловска - Член на Совет и Комисија за ЕЕЕ, Општина Карпош
- Се разрешува Дијана Симјановска – Сектор за екологија и енергетска ефикасност, Општина Карпош, а на нејзино место се именува д-р Марина Филипоска – Сектор за екологија и енергетска ефикасност, Општина Карпош
- Се разрешува Панче Стојановски – ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ, а на негово место се именува Владимир Кроневски – ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ
- Се разрешува Роза Јаневска - ЈП Паркови и зеленило, а на нејзно место се именува Здравко Трајковски - ЈП Паркови и зеленило

**Член 2**

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-6767/16
Датум: 24.08.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување на Одлука за определување на финансиска поддршка на Јавна установа Градска библиотека „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“ Скопје, Република Македонија – Кинотека на Македонија**

1. Се објавува Одлуката за определување на финансиска поддршка на Јавна установа Градска библиотека „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“ Скопје, Република Македонија – Кинотека на Македонија, донесена на тринаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 24 август 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-6984/16
Датум: 27.08.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002) и врз основа на потпишаниот Меморандум за соработка бр.11-6827/2 од 22.08.2018 година, Советот на Општина Карпош, на тринаесеттата седница, одржана на 24 август 2018 година, донесе

## О Д Л У К А

**за определување на финансиска поддршка на Јавна установа Градска библиотека „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“ Скопје, Република Македонија – Кинотека на Македонија**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува Барањето финансика поддршка за санација на плато и скали на влезот на Кинотека на Македонија, доставено од Јавна установа Градска библиотека „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“ Скопје, Република Македонија – Кинотека на Македонија бр.11-6826/1 од 20.08.2018 година.

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 120.000,00 (сто дваесет илјади) денари кои ќе се исплатат еднократно и се обезбедена во Буџетот на Општина Карпош за 2018 година.

**Член 3**

Врз основа на оваа одлука, Општина Карпош и барателот на финансиската поддршка имаат обврска да потпишат Договор.

**Член 4**

Јавна установа Градска библиотека „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“ Скопје, Република Македонија – Кинотека на Македонија се обврзува, средствата доделени од Општина Карпош, утврдени во член 2 на овој Договор да ги користи наменски за санација на плато и скали на влезот на Кинотека на Македонија.

**Член 5**

По реализирањето на проектот, Јавна установа Градска библиотека „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“ Скопје, Република Македонија – Кинотека на Македонија е должна до општината да достави детален финансиски извештај за реализација на активностите, со спецификација за вкупните

трошоци, кои во прилог ќе ги содржи следните документи: фактури со сметкопотврди и/или фискални сметки со сметко потврди и/или завршни ситуации и други документи кои се однесуваат на реализирани плаќања во врска со доделената финансиска помош.

Член 6

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-6767/17
Датум: 24.08.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014 ), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлука за определување на финансиска поддршка на Клубот по биатлон и нордиско скијање и скијачки скокови МУНТЕ Скопје**

1. Се објавува Одлуката за определување на финансиска поддршка на Клубот по биатлон и нордиско скијање и скијачки скокови МУНТЕ Скопје, донесена на тринаесетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 24 август 2018 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-6984/17
Датум: 27.08.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002, Советот на Општина Карпош, на тринаесеттата седница, одржана на 24 август 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за определување на финансиска поддршка на Клубот по биатлон и нордиско скијање и скијачки скокови МУНТЕ Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува Барањето финансиска поддршка за одржување на меѓународниот „ФИС ролер ски куп Скопје“, доставено од Клубот по биатлон и нордиско скијање и скијачки скокови МУНТЕ Скопје бр.09-6755/1 од 16.08.2018 година.

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 80.000,00 денари кои ќе се исплатат еднократно и се обезбедена во Буџетот на Општина Карпош за 2018 година.

**Член 3**

Врз основа на оваа одлука, Општина Карпош и барателот на финансиската поддршка имаат обврска да потпишат Договор.

**Член 4**

Клубот по биатлон и нордиско скијање и скијачки скокови МУНТЕ Скопје се обврзува, средствата доделени од Општина Карпош, утврдени во член 2 на овој Договор да ги користи наменски за одржување на меѓународниот „ФИС ролер куп Скопје“.

**Член 5**

По реализирањето на проектот, Клубот МУНТЕ Скопје е должен до општината да достави детален финансиски извештај за реализација на активностите, со спецификација за вкупните трошоци, кои во прилог ќе ги содржи следните документи: фактури со сметкопотврди и/или фискални сметки со сметко потврди и/или други документи кои се однесуваат на реализирани плаќања во врска со доделената финанаиска помош.

**Член 6**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-6984/18
24.08.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014 ), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлука за одобрување финансиска поддршка за спортско-рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош**
**(за реализирање на проектот Едукативно превенирање на насилство во образовните институции и на спортските настани, доставено од Мирјана Стефановска**

1. Се објавува Одлуката за одобрување финансиска поддршка за спортско-рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош(за реализирање на проектот Едукативно превенирање на насилство во образовните институции и на спортските настани, доставено од Мирјана Стефановска), донесена на тринаесетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 24 август 2018 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-6984/18
Датум: 27.08.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 6; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), глава II Проектни активности точка 8.Финансиска поддршка на проекти на спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош бр.18/17 и бр.6/18) и врз основа на Огласот за финансиска поддршка за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош бр.11-6131/1 од 18.07.2018 година, Советот на Општина Карпош, на тринаесеттата седница, одржана на 24 август 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување финансиска поддршка за спортско-рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош**
**(за реализирање на проектот Едукативно превенирање на насилство во образовните институции и на спортските настани, доставено од Мирјана Стефановска)**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува Барањето доставено од Мирјана Стефановска Општина Карпош Скопје, со која се одобруваат финансиски средства како поддршка за реализирање на Проектот „Едукативно превенирање на насилство во образовните инситуции и на спортските настани“, врз основа на точка 8.Поддршка на проекти од областа на образованието од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош бр.18/17 и бр.6/18).

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 200.000,00 денари.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2018 година од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2018 година.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука и да потпише Договор за одобрување на финансиски средства со Мирјана Стефановска.

**Член 5**

Се задолжува барателот Мирјана Стефановска до Советот на Општина Карпош и до Секторот за дејности од јавен интерес - Одделение за култура и спорт да достави детален финансиски извештај за потрошените средства, кои во прилог ќе ги содржат следните документи: фактури со сметко-потврди или фискални сметки со сметко потврди, согласно приложениот финансиски план на проектот при аплицирањето по огласот.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесување , а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-6984/19
24.08.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014 ), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување на Одлука за одобрување финансиска поддршка за спортско-рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош (за реализирање на проектот Спорт и забава за сите деца, доставен од Здружение на граѓани за спортски, едукативни и хуманитарни активности ЗАБАВА И СПОРТ, Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Одлуката за одобрување финансиска поддршка за спортско-рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош (за реализирање на проектот Спорт и забава за сите деца, доставен од Здружение на граѓани за спортски, едукативни и хуманитарни активности ЗАБАВА И СПОРТ, Општина Карпош-Скопје, донесена на тринаесетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 24 август 2018 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-6984/19**
**Датум: 27.08.2018 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 6; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), глава II Проектни активности точка 8.Финансиска поддршка на проекти на спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош бр.18/17 и бр.6/18) и врз основа на Огласот за финансиска поддршка за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош бр.11-6131/1 од 18.07.2018 година, Советот на Општина Карпош, на тринаесетата седница, одржана на 24 август 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување финансиска поддршка за спортско-рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош**
**(за реализирање на проектот Спорт и забава за сите деца, доставен од Здружение на граѓани за спортски, едукативни и хуманитарни активности ЗАБАВА И СПОРТ, Општина Карпош-Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува Барањето доставено од Здружение на граѓани за спортски, едукативни и хуманитарни активнсоти ЗАБАВА И СПОРТ, Општина Карпош-Скопје, со која се одобруваат финансиски средства како поддршка за реализирање на Проектот „Спорт и забава за сите деца“, врз основа на точка 8.Поддршка на проекти од областа на образованието од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош бр.18/17 и бр.6/18).

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 268.000,00 денари.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2018 година од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2018 година.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука и да потпише Договор за одобрување на финансиски средства со Здружение на граѓани за спортски, едукативни и хуманитарни активности ЗАБАВА И СПОРТ.

**Член 5**

Се задолжува барателот „Здружение на граѓани за спортски, едукативни и хуманитарни активности ЗАБАВА И СПОРТ“ до Советот на Општина Карпош и до Секторот за дејности од јавен интерес - Одделение за култура и спорт да достави детален финансиски извештај за потрошените средства, кои во прилог ќе ги содржат следните документи: фактури со сметко-потврди или фискални сметки со сметко потврди, согласно приложениот финансиски план на проектот при аплицирањето по огласот.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-6984/20
24.08.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014 ), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување на Одлука за одобрување финансиска поддршка за спортско-рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош(за реализирање на проектот Здрав рбет за добро здравје, доставен од Димитар Ѓатовски Општина Карпош-Скопје)**

1. Се објавува Одлуката за одобрување финансиска поддршка за спортско-рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош(за реализирање на проектот Здрав рбет за добро здравје, доставен од Димитар Ѓатовски Општина Карпош-Скопје), донесена на тринаесетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 24 август 2018 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-6984/20
Датум: 27.08.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 6; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), глава II Проектни активности точка 8.Финансиска поддршка на проекти на спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош бр.18/17 и бр.6/18) и врз основа на Огласот за финансиска поддршка за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош бр.11-6131/1 од 18.07.2018 година, Советот на Општина Карпош, на тринаесетата седница, одржана на 24 август 2018 година, донесе

## О Д Л У К А
**за одобрување финансиска поддршка за спортско-рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош (за реализирање на проектот Здрав рбет за добро здравје, доставен од Димитар Ѓатовски Општина Карпош-Скопје)**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува Барањето доставено од Димитар Ѓатовски Општина Карпош Скопје, со која се одобруваат финансиски средства како поддршка за реализирање на Проектот „Здрав рбет за добро здравје“, врз основа на точка 8.Поддршка на проекти од областа на образованието од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2018 година („Службен гласник на Општина Карпош бр.18/17 и бр.6/18).

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 180.000,00 денари.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2018 година од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2018 година.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука и да потпише Договор за одобрување на финансиски средства со Димитар Ѓатовски.

**Член 5**

Се задолжува барателот Димитар Ѓатовски до Советот на Општина Карпош и до Секторот за дејности од јавен инетерс - Одделение за култура и спорт да достави детален финансиски извештај за потрошените средства, кои во прилог ќе ги содржат следните документи: фактури со сметко-потврди или фискални сметки со сметко потврди, согласно приложениот финансиски план на проектот при аплицирањето по огласот.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-6984/21
24.08.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за предавање во владение и одржување на електронска рампа на заедницата на станари на колективните објекти на ул. Никола Русински бр.8, бр.10 и бр.12, У.З.Карпош 3 (паркинг на ул.Карпошово востание) со додавање на адресата ул.Карпошово Востание бр.10**

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за предавање во владение и одржување на електронска рампа на заедницата на станари на колективните објекти на ул. Никола Русински бр.8, бр.10 и бр.12, У.З.Карпош 3 (паркинг на ул.Карпошово востание), со додавање на адресата ул.Карпошово Востание бр.10, донесена на тринаесетата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 24 август 2018 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-6984/21
Датум: 27.08.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стефан Богоев, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1; член 62 и член 64 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со Одлуката за предавање во владение и одржување на електронска рампа на заедницата на станари на колективните објекти на улица Никола Русински бр.8, бр.10 и бр.12, бр.09-5838/14 од 12.07.2018 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.7/2018), Советот на Општина Карпош, на тринаесетата седница, одржана на 24 август 2018 година, донесе

## ОДЛУКА

**за изменување и дополнување на Одлуката за предавање во владение и одржување на електронска рампа на заедницата на станари на колективните објекти на ул. Никола Русински бр.8, бр.10 и бр.12, У.З.Карпош 3 (паркинг на ул.Карпошово востание) со додавање на адресата ул.Карпошово Востание бр.10**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за предавање во владение и одржување на електронска рампа на заедницата на станари на колективните објекти на ул. Никола Русински бр.8, бр.10 и бр.12, У.З.Карпош 3 (паркинг на ул.Карпошово востание) бр. 09-5838/14 од 12.07.2018, донесена на дванаесеттата седница на Советот на Општина Карпош и објавена во „Службен гласник на Општина Карпош“ бр.7/2018, на начин што во насловот на одлуката по боровите „ул.Никола Русински“ бр.8, бр.10 и бр.12 се додаваат зборовите и колективниот објект на улица „Карпошово востание“ бр.10 (влез 1, влез 2, влез 3 и влез 4).

По изменувањето и дополнувањето, насловот на Одлуката гласи:
„Одлука за предавање во владение и одржување на електронска рампа на заедницата на станари на колективните објекти на ул. Никола Русински бр.8, бр.10 и бр.12 и колективниот објект на улица „Карпошово востание“ бр.10 (влез 1, велз 2, влез 3 и влез 4), У.З.Карпош 3 (паркинг на ул.Карпошово востание)“.

**Член 2**

Во член 1 од предметната Одлука се врши изменување и дополнување на начин што по зборовите „ул.„Никола Русински“ бр.8, ул.„Никола Русински“ бр.10 ул.„Никола Русински“ бр.12“ се додаваат

зборовите „и колективниот станбен објект на ул.„Карпошово востаните“ бр.10 (влез1, влез 2, влез 3 и влез 4)“.

По изменувањето и дополнувањето член 1 од одлуката гласи:
„Со оваа Одлука Советот на Општина Карпош ја предава во владение и одржување на заедниците на сопственици електронската рампата за влез во паркингот на колективните станбени објекти на ул.„Никола Русински“ бр.8, ул.„Никола Русински“ бр.10 ул.„Никола Русински“ бр.12 и колективниот станбен објект на ул.„Карпошово востание“ бр.10 (влез 1, влез 2, влез 3 и влез 4), У.З.Карпош 3 - (паркинг на ул.Карпошево востание).

**Член 3**

Се задолжува Одделението за поддршка и организација на работтата на Советот да изготви пречистениот текст на оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-6984/22
24.08.2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Андреј Манолев, с.р.

СОДРЖИНА

1. Заклучок за усвојување на Извештајот за работите во однос на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност Карпош во првото шестмесечие во 2018 година, со Заклучок за објавување,
2. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2018 година, со Заклучок за објавување,
3. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2018 година, со Заклучок за објавување,
4. Програма за изменување и дополнување на Програмата за планирани активности на Одделението за односи со јавност за 2018 година, со Заклучок за објавување,
5. Одлука за објавување на оглас за доделување на стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош за учебната 2018/2019 година, со Заклучок за објавување,
6. Одлука за определување на стипендии за талентирани ученици од општинските основни училишта од подрачјето на Општина Карпош за учебната 2018/2019 година, со Заклучок за објавување,
7. Одлука за поништување на Одлуката за давање согласност за започнување постапка за оттуѓување на патничко моторно возило марка SSANG YONG бр.09-930/8 од 7.2.2018 година објавена во Службен гласник на Општина Карпош бр.2/2018, со Заклучок за објавување,
8. Одлука за давање согласност за времено користење на движна ствар-патничко моторно возило марка SSANG YONG, со Заклучок за објавување,
9. Решение за давање согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУОДГ - „Пролет“-Карпош-Скопје, со Заклучок за објавување,
10. Заклучок за усвојување на Годишната Програма за работа на ЈУОДГ- „Мајски Цвет“-Карпош-Скопје за учебната 2018/2019 година, со Заклучок за објавување,
11. Заклучок за усвојување на Годишната Програма за работа на ЈУОДГ- „Орце Николов“-Карпош-Скопје за учебната 2018/2019 година, со Заклучок за објавување,
12. Заклучок за усвојување на Годишната Програма за работа на ЈУОДГ- „Пролет“-Карпош-Скопје за учебната 2018/2019 година, со Заклучок за објавување,
13. Заклучок за усвојување на Годишната Програма за работа на ЈУОДГ- „Распеана Младост“-Карпош-Скопје за учебната 2018/2019 година, со Заклучок за објавување,

14. Одлука за давање согласност за издавање под закуп на деловен простор во просториите на Урбана Заедница Нерези-Општина Карпош, со Заклучок за објавување,
15. Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на членови на локален Комитет за проектот „Развивање на ЛЕАП за Општина Карпош“, бр.09-2085/5 од 23.03.2017 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.5/2017), со Заклучок за објавување,
16. Одлука за одобрување на барањето финансиска поддршка за санација на плато и скали на влезот на Кинотека на Македонија, доставено од Јавна установа Градска библиотека „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“ Скопје, Република Македонија бр.03-388/1 од 27.06.2018 година – Кинотека на Македонија, бр.05-658/3 од 29.06.2018 година со Заклучок за објавување,
17. Одлука за одобрување на барањето финансиска поддршка за оддржување на меѓународниот „ФИС ролер ски куп Скопје“, доставено од Клуб по биатлон и нордиско скијање и скијачки скокови, бр.09-6755/1 од 16.08.2018 година, со Заклучок за објавување,
18. Одлука за одобрување финансиска поддршка за спортско-рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош (за реализирање на проектот Едукативно превенирање на насилство во образовните институции и на спортските настани, доставено од Мирјана Стефановска), со Заклучок за објавување,
19. Одлука за одобрување финансиска поддршка за спортско-рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош (за реализирање на проектот Спорт и забава за сите деца, доставен од Здружение на граѓани за спортски, едукативни и хуманитарни активнсоти ЗАБАВА И СПОРТ, Општина Карпош-Скопје) со Заклучок за објавување,
20. Одлука за одобрување финансиска поддршка за спортско-рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош (за реализирање на проектот Здрав рбет за добро здравје, доставен од Димитар Ѓатовски Општина Карпош-Скопје) со Заклучок за објавување и
21. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за предавање во владение и одржување на електронска рампа на заедницата на станари на колективните објекти на ул. Никола Русински бр.8, бр.10 и бр.12 (паркинг на ул.Карпошево востание), со додавање на адресата ул.Карпошово востание бр.10, со Заклучок за објавување.

**Издавач: Општина Карпош**
**Уредува: Сектор за правни работи**
**Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2**
**Тираж: 25 примероци**